**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13 и 13/14), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 11. 06. 2018

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 03 | 2848 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за издавачка дејност БИРО ПРЕС ДОО Скопје, издавач на месечниот магазин „Порта 3“.

3. **Датум на извршување на надзорот:** 11 јуни 2018 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши со цел да се констатира дали овој издавач на печатен медиум постапил по Решението за преземање мерка – опомена бр.03-226 од 24.04.2018 година, кое Агенцијата му го упати по извршен редовен административен надзор. Редовниот надзор беше извршен на 19.04.2018 година и со него беше констатирано дека Друштвото за издавачка дејност БИРО ПРЕС ДОО Скопје, издавач на месечниот магазин „Порта 3“ не ја исполнило обврската од член 15 став 2 од Законот за медиуми, според која сите издавачи на печатени медиуми се должни најдоцна до 31 март во тековната година, во еден дневен весник да ги објават податоците за сопственичката структура, односно податоците за називот и седиштето на правните лица или името и местото на престојување на физичките лица кои се сопственици на акции или на удел кај издавачот на медиумот, со податоци за процентот на акциите или уделот кој го стекнале и датумот на стекнување и исечок од објавата да достават до Агенцијата во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

5. **Претходно изречена мерка:** Решение за преземање мерка – опомена бр.03-226 од 24.04.2018 година

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот беше констатирано дека овој издавач на печатен медиум во целост постапил по Решението за преземање мерка – опомена бр. 03-226 од 24.04.2018 година, односно дека во целост ја исполнил обврската од член 15 став 2 од Законот за медиуми.

**Образложение:** На 11.06.2018 година, Друштвото за издавачка дејност БИРО ПРЕС ДОО Скопје, кое е издавач на месечниот магазин „Порта 3“, во архивата на Агенцијата достави исечок од објава во дневниот весник „Нова Македонија“ од 07.06.2018 година (наш бр.03-2835/1 од 11.06.2018 година).